Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Шеесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 1 април 2021 година**

**Скопје, април 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 1 април 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 11:50 часот.

Со седницата претседаваше Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Љупчо Николовски, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска Миладиновска, секретар во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Назим Буши, заменик на министерот на внатрешни работи, м-р Енвер Хусејин заменик на министерот за труд и социјална политика, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, д-р Христина Оџаклиевска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции Фатмир Битиќи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, м-р Никола Димитров и членовите на Владата Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*
*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за донација од Република Србија на 40.000 дози SPUTNIK V вакцини против КОВИД-19

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*
* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за донација од Република Србија на 40.000 дози SPUTNIK V вакцини против КОВИД-19 и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го разгледа и го прифати усогласениот текст на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на здравството за имунизација на населението против КОВИД-19.

2. Го определи доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на здравството за имунизација на населението против КОВИД-19.

3. Се задолжува Агенцијата за лекови и медицински средства на Република Северна Македонија истиот ден кога Министерството за здравство ќе достави барање, да издаде одобрение за увоз, согласно член 79 став (2) алинеја 6 и став (3), а во врска со членот 17 став (2) алинеја 9 од Законот за лековите и медицинските средства, и одобрение за ставање во промет на сериите на вакцини против КОВИД-19 кои ќе бидат испорачани врз основа на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на здравството за имунизација на населението против КОВИД-19.

**Точка 2**

По однос на оваа точка немаше предлози.

## Точка 3

По однос на оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:55 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Artan Grubi**